Игра: Потрага во природа

Излезете надвор со вашето дете и заедно истражувајте го светот околу вас!

Што е потребно за оваа активност:

Хартија и молив.

Дополнителна опрема по избор: Лупа, двоглед, список со сликички.

Што треба да направите:


- Излезете надвор и набљудувајте: растенија, инсекти, птици и животни.
- Испечатете го списокот со сликички што го подготвивме за вас или направете свој. Запишувајте или цртајте што сте забележале – колку пеперутки, колку бубамари?
- Како дополнителен предизвик, претворете ја оваа активност во игра со меморија: „Денес видов пет патки, три пеперутки...“
- Најважно е да уживате во откривањето и учењето за природата!

Оваа активност е идеална за деца на возраст од 3 до 6 години. Го поттикнува развојот на сетилата и вниманието, ја подобрува способноста за броење и вокабуларот, и поттикнува љубопитност и љубов кон природата.


Подетални инструкции за оваа игра како и многу други идеи за учење низ игра ќе најдете во апликацијата Bebbo.



Споделете го резултатот од активноста со хаштаг **#BebboМоменти** и инспирирајте други родители!















Набљудувај и истражувај